Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање бр. 02-1121 од 24.02.2022 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник ( од Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori I sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-1121/6
28.04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

**ДЕЛУМНО** се **ОДБИВА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник од Скопје за пристап до информации од јавен карактер.

По спроведениот тест на штетност согласно член 20, став (2) а врз основа член 6, став (1), точка 1 и точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер делумно му се овозможува увид на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник од Скопје да се запознае со содржината на бараната информација во форма увид и во форма на електронски запис на е-маил.

## Образложение

Барателот на информацијата - Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник од Скопје на ден 24.02.2022 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во :

1. Податоци за сите менаџерски договори склучени во перидот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година во однос на:
   a. Име и презиме со лицето со кое се склучени;
   b. Позиција во акционерското друштво;
   c. Датум на склучување;
   d. Времетраење на договорот;
   e. Месечен надоместок (плата или друг вид на надомест);
   f. Други предвидени бенефиции согласно договорот (бонуси, осигурување, отпремнина и сл.) и
   g. Копија од договорите

2. Податоци за исплатените отпремнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година:
   a. Датум на исплатата;
   b. Основата на исплатата;
   c. Лицето на кое е извршена исплатата и
   d. Висината на износот на оптремнината.

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис и истата да им биде доставена по е-маил.

По спроведениот тест на штетност се дојде до следните заклучоци дека со целосно објавувањето на бараните информации имателот би постапил спротивно на одредбите од менаџерските договори со што би се сторило повреда на истите и истите би можеле да доведат до штета на трети страни односно до евентуални судски постапки поради прекршување на одредбите од склучените договори и поради тоа донесе Решение за делумен пристап до бараните информации (арх. бр. 02-1121/3 од 16.03.2022 год.).

Барателот на информациите преку Агенцијата поднесе жалба против Решението на имателот на информации, по кои жалбени наводи детално се произнесе имателот на информациите по однос на причините за делумното одбивање за пристап до бараните информации.

На ден 13.04.2022 година, Агенцијата до имателот на информации достави Решение со кое:

Жалбата изјавена од ЦГК Скопје СЕ УВАЖУВА во делот на точка 1.6 (други предвидени бенефиции согласно договорот (плата или друг вид на надомест) и 1.7 (копија од Договорите) од Барањето и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.

Имателот на информации е должен да го спроведе Решението во рок од 15 дена од денот на приемот и за истото да ја извести Агенцијата.

Постапувајќи во законски предвидениот рок, имателот на информациите повторно го разгледа барањето (за делот кој Агенцијата го врати предметот на повторно постапување) и оцени дека е потребно да се спроведе тестот на штетност.

При спроведување на тестот за штетност во предвид беа земени одредбите од: Договор за уредување на односите помеѓу друштвото и член на управниот одбор, Законот за трговски друштва, Законот за работните односи и Законот за заштита на личните податоци.

По однос на точка 1.6 - други предвидени бенефиции согласно договорот (плата или друг вид на надомест) од барањето, на барателот во електронски запис му се доставуваат бараните информации.

По однос на точка 1.7 - копија од Договорите од Барањето а врз основа на резултатите од спроведениот тест за штетност на барателот не му се овозможува увид во бараната документација.

**Од резултатите на спроведениот тест за штетност се дојде до следните заклучоци:**

o Договорот е склучен помеѓу членот на Управниот одбор и претседателот на Надзорниот одбор и согласно одредбите од истиот, со содржината на Договорот се запознаени само страните потписнички и акционерот.

o Договорите се склучени помеѓу членот на Управниот одбор и претседателот на Надзорниот одбор и согласно одредбите од истите, содржината на овие Договори се смета за деловна тајна и може да биде соопштена само на членови на Надзорниот и Управниот одбор и на надлежните државни органи под услов и во постапка утврдени со Закон. Содржината на овој договор може да биде соопштена и на акционерот на Друштвото под условите и на начинот на кој се соопштува деловната тајна утврдено во Правилникот за деловна тајна.

o Упатуваме и на член 6, став (1), точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно кој Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со Закон, ако информацијата се однесува на податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;

o Во прилог на ова е и делот од Законот за заштита на лични податоци каде стои дека податоците кои се содржани во договор со кој се регулира одреден договорен однос, особено по склучување на таквиот договор (по пристапувањето кон договорот) се третираат како лични податоци односно согласно член 10 од Законот, обработката на личните податоци содржани во договор е законита само ако и до оној степен доколку е исполнет најмалку еден од следните услови: - обработката е потребна за исполнување на договор каде субјектот на лични податоци е договорна страна, или за да се преземат активности на барање на субјектот на лични податоци пред неговото пристапување кон договорот.

Сметаме дека јавното обелоденување на податоци содржани во менаџерските договори ќе значи прекршување на деловната политика на компанијата, која наложува ваквите документи да се чуваат како доверливи. Имајќи го предвид фактот дека секој менаџер/директор има потпишано различен договор, ризиците од споделување на делови или целата содржина од договорите, ќе ги наруши стандардите и практиките на корпоративно управување на компаниско и на институционално ниво. Таквиот чекор во голема мера ќе влијае на репутацијата на компанијата на пазарот на кој дејствува но и на професионализмот, стручноста, кариерата и интегритетот на секој од потписниците, како во земјата така и во странство.

Основна карактеристика на менаџерските договори е нивната автономност изразена со определени специфичности кои им даваат карактер на sui generis договори. Со договорите се конкретизира улогата на менаџерот во компанијата, како и меѓусебните права, овластувања, обврски и одговорности, па оттаму секое откривање на содржината на договорите може негативно да влијае врз односите меѓу членовите во Управниот одбор. Дополнителна немерлива штета ќе предизвика откривањето на детали кои не смеат да се откријат пред конкурентски фирми а кои на пример се однесуваат на вештините или вреднувањето на трудот на одредено лице на оваа позиција, понатаму може да ја доведе во прашање деловната ефикасност и ефективното извршување на овластувањата на менаџерот во секојдневното водење на работатата во друштвото и на крајот да го зголеми професионалниот ризик од предвремено еднострано раскинување на договорите во тек на мандатот на менаџерот/директорот .

Сметаме дека фактот што менаџерските договори како корпоративен акт претставуваат клучен документ од кој битно зависи успехот на работата на компанијата и врз основа на резултатите од спроведениот тест за штетност, се доволно образложени причини за решителните факти од кои АД МЕПСО како имател на информации се раководеше при одлучувањето, на барателот да му се овозможи делумен пристап до бараните информации

Имателот на информации при спроведувањето на тестот за штетност како и при донесувањето на одлуката го имаше во предвид јавниот интерес односно ценеше дека со објавувањето на бараните информации ќе се предизвика штета на имателот или на трети лица.

Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје при донесување на ова Решение ги имаше во предвид и постапуваше согласно укажувањата содржани во Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08-74 од 08.04.2022 година.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Податоци од точка 1.6 - други предвидени бенефиции согласно договорот (плата или друг вид на надомест)

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Orhan Murtezani**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Кабинет на ГД
- Агенција за заштита на правото на слободен пристап до ИЈК
- Архива

**Andrej Josifovski**

| | |
|---|---|
| **From:** | Andrej Josifovski |
| **Sent:** | Thursday, June 9, 2022 3:35 PM |
| **To:** | 'center@ccc.org.mk' |
| **Cc:** | Violeta Zajkova Stojanovska |
| **Subject:** | Доставување на барани податоци согласно Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до ИЈК |
| **Attachments:** | Прилог 2 Податоци за исплатени отпремнини.pdf; Точка 1 - Податоци за менаџерски договори.pdf |

Почитувани,

Постапувајќи согласно задолжението содржано во Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-74 од 19.05.2022 год. (арх. бр. на АД МЕПСО бр. 03-1121/8 од 26.05.2022 год.) во прилог на оваа електронска пошта Ви се доставуваат сите барани податоци и тоа:

1. Податоци за сите менаџерски договори склучени во перидот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година во однос на:
    a. Име и презиме со лицето со кое се склучени;
    b. Позиција во акционерското друштво;
    c. Датум на склучување;
    d. Времетраење на договорот;
    e. Месечен надоместок (плата или друг вид на надомест);
    f. Други предвидени бенефиции согласно договорот (бонуси, осигурување, отпремнина и сл.) и
    g. Копија од договорите

2. Податоци за исплатените отпремнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година:
    a. Датум на исплатата;
    b. Основата на исплатата;
    c. Лицето на кое е извршена исплатата и
    d. Висината на износот на оптремнината.

Бидејќи се работи за обемна документација, истата ќе Ви биде испратена во неколку меилови.

Со почит,

МЕПСО
**Службени лица за посредување со ИЈК**
**Виолета Зајкова Стојановска**
**Андреј Јосифовски**

**Andrej Josifovski**

---

**From:** Andrej Josifovski
**Sent:** Monday, June 13, 2022 10:48 AM
**To:** 'Aspi'
**Cc:** Violeta Zajkova Stojanovska
**Subject:** Известување

Почитувани,
Ве известуваме дека постапувајќи согласно задолжението содржано во Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-74 од 19.05.2022 год. (арх. бр. на АД МЕПСО бр. 03-1121/8 од 26.05.2022 год.) имателот на информации од јавен карактер (АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје) на ден 09.06.2022 година ги достави бараните информации до Центарот за граѓански комуникации Скопје

Со почит,

**МЕПСО**
**Службени лица за посредување со ИЈК**
**Виолета Зајкова Стојановска**
**Андреј Јосифовски**